Датум: 25.11.2024

Центар за развој на медиумите на заедниците, Медиум од Гостивар во рамките на проектот ***„Заедно за поквалитетно локално новинарство"*** објавува повик за изработка на две кратки видеа.

Јавен повик за изработка на две кратки видеа

Центар за развој на медиумите на заедниците, Медиум од Гостивар во рамките на проектот ***„Заедно за поквалитетно локално новинарство"*** обезбеди поддршка за 4 (четири) граѓански организации на локално ниво од општините: Гостивар, Дебар, Кичево и Шуто Оризари, кои работат кон зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми.

Задачи и обврски на физичкото/правното лице за изработка на две кратки видеа

- Изработка на две кратки видеа со максимално времетраење од по **2 минути** во целосна **HD резолуција**, погодни за споделување на социјални медиуми, изработени во соодветни формати. Видеата треба да содржат краток опис текст, слики и кратки инсерти од видеа за секое Здружение посебно.

Двете кратки видеа треба да бидат достапни на македонски / албански јазик.

Потребни квалификации на понудувачот:

Најмалку завршено средно образование;

Искуство за изработка на видеа, монтирање и продукција.

Потребни документи доколку лицето што аплицира е физичко лице

Биографија (CV) - достапна во прилог
Предлог финансиска понуда - достапна во прилог

Потребни документи доколку лицето што аплицира е правно лице

Тековна состојба
Биографија (CV) во прилог
Предлог финансиска понуда - достапна во прилог

Период на реализација на работниот ангажман: 04–ти Декември до 18-ти Декември 2024

1.1. Право на учество

1.1.1. Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица и правни лица кои ги исполнуваат условите наведени во огласот погоре.

1.2. Критериуми за избор

1.2.1. Критериум за избор е според принципот „најдобра понудена вредност (квалитет) за дадена цена“ (т.н. best value for money-quality ratio).

1.3. Избор на понудувачи

1.3.1. Договорниот орган ќе го избере понудувачот чија понуда нуди најдобар однос помеѓу квалитетот и цената. Вкупниот број на бодови изнесува 100 бода. Квалитетот носи максимални 60 бодови, додека цената носи максимални 40 бодови.

Потребните документи да се достават по е-маил **community.mediadev@gmail.com** до: **02.12.2024 до 16 часот или во архивата на МЕДИУМ на адреса: Бул. Браќа Ѓиноски 61, Гостивар.**

Проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“ е спроведуван од Здружение Центар за развој на медиумите на заедниците МЕДИУМ, Гостивар во партнерство со Институтот за човекови права преку IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW – EU support for Enhancing Journalists Rights.